Macedonian - Духовен војуваа Вовед Писмата - SW Intro Scriptures

Лука 17:5 Апостолите Му рекоа на Господа: „Придај ни вера!”
Римјаните 10:17 И така, верата доаѓа од слушањето, а слушањето од Христовото слово.
Лука 11:1 А кога се молеше на едно место и кога престана, еден од Неговите ученици Му рече: „Господи, научи нѐ да се молиме, како што и Јован ги научи своите ученици!”
1 Тимотеј 2:1-4 Така, пред сѐ да се прават просби, молитви, молби, благодарности за сите луѓе, 2 за царевите и за сите кои се на власт, за да можеме да проживееме тих и мирен живот во сета побожност и чесност. 3 Ова е добро и угодно пред Бога, нашиот Спасител, 4 Кој сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината.
Захарија 3:1,2 Потоа ми го покажа Исуса, велесвештеникот, Кој стоеше пред Господовиот ангел, и сатаната, што му стоеше оддесно за да го обвинува. 2 Господ му рече на сатаната: „Господ да те прекори сатано! Господ, Кој го избра Ерусалим, да те прекори! Не е ли Тој гламна извадена од оган?”
Ефесјани 6:12 Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места.
Ефесјани 6:10,11 Најпосле, јакнете во Господа и во силата на Неговата моќ! 11 Облечете се во сето Божјо оружје, за да можете да им се спротивставите на измамите на ѓаволот.
Ефесјани 6:13-17 Затоа земете го сето Божјо оружје, за да можете да се браните во лош ден и откако ќе свршите сѐ, да се одржите! 14 И така, стојте цврсто! Препашани со вистината преку бедрата, облечени во оклопот на правдата, 15 обујте ги нозете со ревноста за Евангелието на мирот! 16 При сѐ тоа земете го штитот на верата, со кого ќе можете да ги угаснете сите огнени стрели на нечестивиот! 17 Земете го и шлемот на спасението и мечот на Духот - кој е Божјото слово,
Евреите 4:12 Зашто Божјото Слово е живо, и делотворно, и поостро од секој меч остар од двете страни, и навлегува до разделувањето на душата и духот, на зглобовите и на мозокот; и ги суди мислите и намерите на срцето,
Лука 4:8 А Исус одговори и му рече: „Бегај од Мене, сатано, оти е напишано: ‘Поклонувај Му се на Господа, Твојот Бог, и само Нему

служи Му!’

Ефесјани 6:18 со секаква просба и молитва, молете се во Духот во секое време, и заради тоа бдејте со сето постојанство и со молба за сите свети

1 Самуил 17:45-47 А Давид му одговори на Филистеецот: „Ти доаѓаш против мене со меч, со копје и со штит, а јас одам против тебе во името на Господа на Силите, Бога на Израелевите чети, кои ти ги предизвика. 46 Денес Господ ќе те предаде во мојата рака, јас ќе те убијам, ќе ја симнам твојата глава и уште денес ќе им го дадам твоето мртво тело и телата на филистејската војска на небесните птици и на земните sверови. Сета земја ќе знае дека има Бог во Израел. 47 И сиот овој собир ќе знае дека Господ не дава победа со меч ни со копје, зашто Господ е господар на битката, и Тој ве предава во наши раце.”

Лука 10:17-20 А седумдесетте се вратија со радост и рекоа: „Господи, и нечистите духови ни се покоруваат во Твое име.” 18 А Тој им рече: „Го видов сатаната како падна од небото, како молња! 19 Ете, ви давам власт да газите на змии и на скорпии и над секоја непријателска сила, и ништо нема да ви напакости. 20 Но не радувајте се на тоа, дека духовите ви се покоруваат, туку радувајте се, дека вашите имиња се запишани на небесата!”

2 Коринтјани 10:3-5 ашто, иако живееме во телото, не војуваме со телото, 4 зашто оружјето на нашето војување не е телесно, туку е силно во Бога за разурнување на тврдини, 5 па ги рушиме мудрувањата; и секое превознесување што се крева против познавањето на Бога; и ја поробуваме секоја мисла за послушност на Христа;

2 Тимотеј 1:7 Зашто Бог не ни даде дух на страшливост, туку дух на сила, љубов и себевладеење.

Матеј 12:28,29 но, ако Јас ги изгонувам демоните преку Духот Божји, тогаш царството Божјо дошло врз вас. 29 Или, како може некој да влезе во куќа на силен човек и да му ја плени покуќнината, ако најнапред не го врзе силниот, и тогаш ќе му ја ограби куќата?

Ефесјани 1:13 Во Него и вие, откако го чувте словото на вистината - Евангелието на вашето спасение - и откако и вие поверувавте, станавте запечатени со Светиот Дух на ветувањето.

Дела 19:6 И кога Павле ги положи рацете на нив, Светиот Дух слезе на нив. И зборуваа јазици и пророкуваа;

Марко 16:15-18 И им рече: „Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание! 16 Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден. 17 А овие знаци ќе ги придружуваат оние, кои поверувале: во Мое име ќе истеруваат зли

духови; ќе зборуваат нови јазици; 18 ќе фаќаат змии; ако испијат и нешто смртоносно - нема да им напакости. Ќе полагаат раце на болни и тие ќе оздравуваат.

1 Јован 1:9 Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовите и да нѐ очисти од секоја неправда.

Излез 20:5 Не ќе им се поклонуваш ниту ќе им служиш, зашто Јас, Господ, твојот Бог, Сум ревнив Бог. Ја посетувам неправдата на татковците - на оние кои Ме мразат - на децата до третото и четвртото поколение,

Псалми 109:17 Го сакаше проклетството, па нека го стигне, не сакаше благослов, нека е далеку од него!

Судии 16:16 Бидејки секој ден му здодеваше и го мачеше, нему веќе му тежеше во душата до смрт.

Ефесјани 4:26 Ако сте гневни, не грешете! Сонцето да не зајде во вашиот гнев,

Римјаните 14:12 И така, секој од нас ќе одговара пред Бога за себе.

1 Јован 2:23 Секој, што Го одречува Синот Го нема ни Таткото; кој Го исповедува Синот, Го има и Таткото.

Јован 14:6 Исус му рече: „Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот. Никој не доаѓа при Татко Ми, освен преку Мене.

Матеј 11:28-30 ”Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор. 29 Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; и ќе најдете одмор на своите души; 30 зашто Мојот јарем е пријатен и Моето бреме е лесно.”

2 Коринтјани 6:2 Зашто вели: „Во благопријатно време те послушав и во денот на спасението ти помогнав.” Еве, сега е благопријатното време, ете, сега е денот на спасението!

Римјаните 10:13 зашто: „Секој, кој ќе го повика Господовото име, ќе се спаси.”

Pastor T. John Franklin
Church of Salvation, Healing, and Deliverance
COS-HAD.org